ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATON OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 2340009-1100038804, http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј: ЗМ - 52-1/2002
Загреб, 28.10.2002.

# З А П И С Н И К

од **13-наесетата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **25.10.2002.** г. со почеток во 11,15 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Никола Илиевски и Анка Рабузин - в. д. секретарка на Заедницата.
Во работата на седницата од втората точка на дневниот дер се приклъучи и г-ѓа Ксенија Лазарева Јурановиќ - новоизбрана председателка на МКД "Македонија" од Сплит.
Своето одсуство телефонски го оправда - председателот на МКД "Билјана" од Задар- Ванчо Карпузовски.
Со седницата председаваше председателот на Заедницата -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број ченови за донесување на правно важечки одлуки, се пристапи кон утврдувањето на предложениот дневен ред од страна на председателот - Илија Христодулов и по едногласното усвојување седницата ја продолжи својата работа по следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 12-сетата седница.

2. Предлог и усвојување на Деловник (Пословник) за начинот на работа на УО.

3. Предлог и усвојување на Деловник (Пословник) за начинот на работа на Собранието - донесување на одлука за усвојување на истиот на годишното Собрание.

4. Договор за одржување на годишно Собрание на Заедницата.

5. Предлог и усвојување на Програмите за работата во 2003 г.

6. Договор за понатамошно одржување на Веб страницата на Заедницата.

7. Разно.

**Ад. 1.** По кратката расправа члeновите на УО со четири гласа **за** и еден **против - го усвоија записникот од 12-сетата седница.**

**Ад. 2.** По оваа точка на дневниот ред председателот на УО - И. Христодулов најпрво предложи членовите на УО да ги изнесат своите предлози, а бидејќи членовите немаа предлози и ја изразија својата согласност со предложениот предлог на Деловникот, на барање на А. Рабузин - секр., председателот и даде збор. Таа ги потсети членовите дека овој предлог на Деловникот е усклаaден со Статутот на Заедницата (од 1998 г. ) и Одлуката за измените и дополнувањата на истиот од 8.12.2001. (потврдена 27.6.2002 од страна на Градскиот уред за општа управа ). Понатаму, нагласи таа дека уште еднаш го прегледала предлогот на Деловникот што го направила и дека освен некои технички корекции на истиот (што ги образложи ) предложи да членовите на УО попрецизно дефинират некои ставки од членовите 5, 6 и 12 на Деловникот и објасни за што точно станува збор. По усогласувањето на предлозите членовите на УО **едногласно го усвоија конечниот текст на Деловникот (Пословникот) за начинот на работата на УО** - прилог 1.

**Ад. 3.** Слично како и под Ад.2. членовите на УО **едногласно го усвоија конечниот текст на Деловникот (Пословникот) за начинот на работа на Собранието на Заедницата** и донесоа **едногласна одлука да истиот се предложи за усвојување на годишното Собрание на Заедницата -** прилог 2.

**Ад. 4.** По оваа точка на дневниот ред членовите на УО ги разгледаа сите предлози и можности за одржување на годишното Собрание во оваа година. По спроведената дискусија членовите се сложија да пред се од причина дека во оваа година нема средства за таа намена, а истовремено нема препрека да Собранието биде одржано во наредната, да се поднесе барање до Уредот за средства за таа намена и донесоа **едногласна одлука собранието да се одржи во февруари или март наредната година.**

**Ад. 5.** Членовите на УО по оваа точка на дневниот ред ги дадоа своите предлози и мислења и после тоа **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- **сите друштва програмите за 2003 г. ги достават до Заедницата најкасно до 8.11. 2002 и истите да бидат предадени во Уредот во понеделник 11.11. 2002.**
- **за Македонски глас во наредната година да биде барање за печатење на вкупно 6 броја.**
- **за издаваштво барање: книгата на г-динот Р. Димовски од Пула, М. Апостоловска од Загреб и тројазично -група автори -Пула.**
- **од културните манифестации во наредната година на ниво на Заедницата да бидат јубилеите: 100-та годинишнина од Илинден, 100-та годишнина од смртта на Гоце Делчев и 10-годишнината од печатењето на Македонски глас.**
- **сите други важни настани и личности од мак. култура и историја да бидат опфатени во програмите на друштвата.**

**Ад. 6.** По оваа точка на дневниот ред председателот И. Христодулов најпрво го прочита дописот (прилог 3.) од г-динот Горан Стојковски ( од 24.октомври 2002 г.) што е пронајден денес на масата во канцеларијата кога дошле и А. Рабузин и И. Качуров, а за што претходно ниту еден од нив немал информација и се претпоставува дека Г. Стојковски тој допис го оставил предходниот ден- навечер

кога бил во Друштвото заради проба на фолклорната секција. После тоа председателот ги информира членовите за информациите од Веб страницата на Заедницата за прославата на Илинден и за некои други информации и во целост го прочита тој текст од Веб страницата (прилог 4.) и за тоа дека на повеќето од тие информации се потпишала г-ѓа Анастазија Цако Арежина, а која не е избрана од овој одбор за информирање преку Веб страницата на Заедницата. Сите членови на УО после сето онаа што го слушнаа, се вклучија во дискусија и ги изнесоа своите критики за начинот на кој г-динот Стојковски сето тоа го сторил и **го прифатија** предлогот на г-ѓа С. Сагадин да не се навлегува понатаму во полемика на таа тема со г-динот Стојковски туку да се разреши и Заедницата да се заблагодари на неговиот допринос.
Членовите на УО **едногласно ја донесоа следната**

**О Д Л У К А**

**Се разешува г-динот Горан Стојковски од функцијата координатор на редакцијата за Веб страницата на Заедницата од денешниот ден.**

После тоа членовите на УО **го прифатија** предлогот на г-ѓа С. Сагадин и **едногласн ја донесоа следната**

**О Д Л У К А**

**За координатори на редакцијата за Веб страницата се именуват:
г-динот Алдо Климан, г-динот Зоран Ангелески од Пула.**

**Ад. 7.** Г-ѓа Ксенија Л. Јурановиќ ѓи информира членовите на УО дека предходниот ден извршила увид на еден дел од документацијата на Заедницата за што била во договор со г-ѓа Марина Грбавица исто член на Надзорниот одбор, а со третиот член - Марјан Гиговски се договарала но тој не дошол бидејќи поднел оставка на таа функција. Членовите на УО за таа оставка на М. Гиговски ги информира г-ѓа А. Рабузин дека тој допис е добиен после предходната седница на УО и дека ќе биде проследен до застапниците на Собранието кое има надлежност да го разреши и избере друг член, а присутните се сложија дека до разрешувањето М. Гиговски е должен да ја изврши својата обврска како член на НО. Понатаму г-ѓа Лазаревиќ побара да и се подмират трошковите за овие два дена и по дискусијата членовите донесоа **едногласна одлука да се подмири хотелскиот рачунот за ноќевањето во полн износ, да се исплатат две дневници и за патни трошкови да се исплати износ од 400,00 кн.**
Во понатамошната дискусија г-ѓа Лазаревиќ членовите ѓи информира за новостите од изборното Собрание на друштвото од Сплит, за формираниот Македонски културен центар во Сплит, за дописникот на нејзиното друштво во М. глас, г-динот И. Луетиќ, за членот Б. Ликовски ( сето тоа прилог 5.) и ѓи замоли сите на соработка. Членовите на УО пред се и честитаа на нејзиниот избор за председателка на друштвото од Сплит, изразија желба за понатамошна севкупна соработка во врска со сето тоа што го изнесе г-ѓа Лазаревиќ.

Во понатамошниот тек на седницата г-ѓа С. Сагадин ги информира членовите за преговорите во врска со планираната изложба на минерали од Македонија во 2003 г. и предложи да и други друштва ако се заинтересирани да овозможат поставување на таа изложба во други градови, па со таа цел членовите на УО се сложија да г-ѓа Сагадин достави на секое друштво писмено информации за тоа.

Понатаму Председателот И. Христодулов ги информира членовите за настапот на Заедницата на 5-тата манифестација Културно творештво на нац. малц. во РХ што се одржува на 3.11.оваа година во конц. сала Лисински во Загреб на која во музичко сценскиот настап учествуват друштвата од Загреб, Осиек, Пула и Риека, а под водство на г-динот И. Качуров, а за изложбата на информативно-издавачката дејност задолжена е г-ѓа А. Рабузин. Подетални информации за настапот изнесе г-динот Качуров, а после тоа членовите на УО се договорија за поделувањето на влезниците (вкупно 60 за Заедницата) и да патните трошкови за своите членови ѓи подмирува секое друштво.

Членовите на УО на крајот се договорија да се испратат 2-3 броја Македоски глас во Македонија до надлежните за јазик како би иститe дале свое мислење.

Седницата заврши во 16,30 часот.

Прилози: 1-5.

Записничарка:
Анка Рабузин

Председател:
Илија Христодулов